
...ДИСЦЕРНАЦИЈА...
...ДИСЦИПЛИНА...


...ХМ... ДИСКОБОЛОС...


ДИСКОЛИЈА
АХА! ЕВЕ ГО! ДИСКОРДАНТЕН!


ДИСКОРДАНТЕН
ПР. (L. DISCRODANS),
НЕСКЛАДЕН, НЕСЛОЖЕН,
НЕСОГЛАСЕН, НЕЕДНАКОВ,
НЕХАРМОНИЧЕН...
ИМА И ГЕОЛОШКО ЗНАЧЕЊЕ: ТЕРЕН КОЈ ЛЕЖИ НА ПОСТАРИ ТЕРЕНИ И НЕ Е ВО СКЛАД СО НИВ...
...ДА МУ СЕ СНЕВИДИ... НЕ СФАЌАМ!...
ДАЛИ СИ СИГУРНА ДЕКА ДОКТОРОТ ГО КАЖА ТОКМУ ТОА!?...
„...ДИСКОР-ДАНТНА ДВОЈКА!?“...


СФАЌАМ ДЕКА БЕЗ КАТЕГОРИЗА-ЦИЈА ЌЕ СЕ ИЗГУБИМЕ ВО ЦЕЛИОТ ХАОС!...
...АМА ОВА...
...ОВА Е ПРЕМНО-ГУ!...
КОЈА БЕЗОБЅИРНОСТ!...
НА НАУКАТА Ѝ ФАЛАТ ОБЅИРИ!...
...И ПРЕД СЀ ТОЧНОСТ!...
ПАРАДОКСОТ ИМ Е КАКО ДОБАР ДЕН!


МИСЛИШ ДЕКА СМЕ ДВОЈКА НА КОЈА Ѝ НЕДОСТИГА СКЛАД... ХМ... ХАРМОНИЈА?
ГЕОЛОГИЈАТА НАСТРАНА!
ТЕ САКАМ...


...ХМ... ЗАСТУДЕ...
...МОЧАНИ ДОКТОРИ!...
...МХМ... МОЧАНИ ДОКТОРИ!...
F.01.01



...ЗАМИСЛУВАМ ТРИЕСЕТГОДИШНИК, ОСЕДЕН, ПЕДАНТЕН, СО СИНО-ЗЕЛЕНИ ОЧИЛА, СИ ЈА ГАЛИ ТРИДНЕВНАТА БРАДА И ВЕЛИ: „ЗНАЕШ, ПО НЕКОЕ ВРЕМЕ И ЊУЈОРК ТИ Е КАКО СЕЛО...“






ПОМИНЕТЕ ТАМУ ДВАЕСЕТ ГОДИНИ И ЌЕ СЕ ПРАШУВАТЕ КАКО Е МОЖНО ДА НЕ ГИ ПОЗНАВАТЕ СИТЕ ЛИЦА... ИЗГЛЕДА ГРАДОВИТЕ ВЕЧНО ИСФРЛААТ НОВИ СТРАНЦИ...
...СО БАВЕН, НО РЕШИТЕЛЕН ЗДИВ...


ПОНЕКОГАШ, МЕЃУ НИВ, НЕКОЕ ЛИЦЕ ЌЕ СЕ ИЗДВОИ ОД ТОЛПАТА...
МАЛКУМИНАТА ИЗБРАНИ УШТЕ ПО ПРВАТА СРЕДБА... НЕ СЕ ЧУДИТЕ КОГА СЛУЧАЈНО ЌЕ НАЛЕТАТЕ НА НЕКОЈ ОД НИВ НА УЛИЧЕН АГОЛ... НО МАЛКУ СЕ ЧУДИТЕ КОГА ЌЕ ПОМИСЛИТЕ НА НИВ СЛУШАЈЌИ МУЗИКА...


ЛЕТО... ГО ОБОЖАВАМ... ПРЕД ШЕСТ ИЛИ СЕДУМ ГОДИНИ, ВО ЕДНА ОД ПОБОГАТИТЕ ОПШТИНИ ОД КАНТОНОТ... ВИЛА СО БАЗЕН КРАЈ ЕЗЕРОТО... РОДИТЕЛИТЕ ВЕРОЈАТНО НА ПАТ... ЕДНА ОД РАЗУЗДАНИТЕ ЗАБАВИ ВО КОИ ЗЛАТНАТА ЖЕНЕВСКА МЛАДИНА УЖИВА ВО СВОИТЕ ПРИВИЛЕГИИ... БЕШЕ ВРЕЛА НОЌ...


НЕ СЕ СЕЌАВАМ НАЈДОБРО КАКО СЕ НАЈДОВ ТАМУ... ВЕРОЈАТНО СЛУЧАЈНО... ТОГАШ МИ СЕ СЛУЧУВАШЕ ЧЕСТО... МИСЛАМ ДЕКА БЕШЕ И ГИ ИВ, ЗАДОЛЖЕН ЗА ПСИХОТРОПНИ ЕКСЦЕСИ...
И АЛЕКС, ЗАДОЛЖЕН ЗА ИНТЕЛЕКТУАЛНИ ЕКСЦЕСИ...
ДРУГАРИ, А ДА СЕ НАКВАСИМЕ МАЛКУ!?...
...И ДВЕ ЛУДИ РИБИ, КАТИ И ГУТИ... ГУТИ МУ Е СЕСТРА НА ГИ ИВ... КУЌАТА Е НИВНА...
ГУТИИИИ!... ШАМПАЊ!...
ДО ТОЈ МОМЕНТ НИШТО ПОСЕБНО... МИ СЕ ДОПАДНА КАТИ... МЕ ОДУШЕВИ, ДУРИ...
СИТЕ ВО ВОДА!...
ХМ... СУПЕР ИДЕЈА...


ЗА МИГ БЕВМЕ ВО ВОДА... БЕЗ ТРОШКА ПРЕМИСЛУВАЊЕ... И ТОГАШ... ПРОВИДЕНИЕ... КОГА КАТИ ИЗЛЕЗЕ ОД ВОДАТА...
ПЉУС
ЛУДАЧАТА НЕ НОСЕШЕ НИШТО ПОД БЕЛАТА МАИЦА...
ХА ха ХА ха ХА ха ха ха ха ха ха
ТОГАШ СИ СПОМНАВ ДВЕ РАБОТИ...
ФАЛА...
ПРВО: „КАКВА РИБА МОЖЕ ДА СИ ДОЗВОЛИ ВО МОКРА МАИЦА ДА ПИЕ ШАМПАЊ ВО БАЗЕН, А ПРИТОА ДА ГИ ЗАЧУВА ОТМЕНОСТА И ДОБРИОТ ВКУС?“


ВТОРО: „МАЈКО МИЛА... КАКВИ ГРАДИ!“
ПОТОА ИСЧЕЗНА СО ГИ ИВ, А ГУТИ СО АЛЕКС... НЕ СЕ СЕЌАВАМ ДАЛИ ТОГАШ БЕВ СО НЕКОЈ... КАКО И ДА Е, ЗАВРШИВ НА БЕЖ ТРОСЕД ОД НЕВИДЕНО МЕКА КОЖА...
МИСЛАМ ДЕКА ТОГАШ ИМАВ ДЕВЕТНАЕСЕТ ГОДИНИ, А ТАА ДВАЕСЕТ И ЕДНА... НЕ ЗНАЕВ ДАЛИ ВООПШТО МЕ ЗАБЕЛЕЖА... СИГУРНО СМЕ РАЗМЕНИЛЕ НЕКОЈ ЗБОР... СИГУРНО СУМ ПЕЛТЕЧЕЛ... СЕ СЕЌАВАМ, СЕ ПРАШУВАВ ДАЛИ СМЕ МНОГУ СЛИЧНИ ИЛИ СОСЕМ РАЗЛИЧНИ...



ТРЕБАШЕ И ТАА ЗАБАВА, КАКО МНОГУ ДРУГИ, ДА ПАДНЕ ВО ЗАБОРАВ... МЕЃУТОА, ОД ПОВЕЌЕ ПРИЧИНИ, СТАНА ЕДЕН ОД СИМБОЛИТЕ НА МОЈАТА ПОСТ-АДОЛЕСЦЕНЦИЈА...
...КХМ... ИЗВИНЕТЕ
ИЗВИНЕТЕ, ГОСПОЃО...
... ВЕ МОЛАМ!...


МОЛАМ?
МОЖЕ ЛИ ДА ДОБИЈАМ УШТЕ ЕДНО ЕСПРЕСО... ...И ЧАША ВОДА?
СЛЕДНИТЕ ГОДИНИ ЈА ГЛЕДАВ РЕТКО... МОЖЕБИ ЕДНАШ ГОДИШНО...
...СПОРЕД РИТАМОТ НА СЛУЧАЈНОСТИ ОДРЕДЕНИ ОД ГРАДОТ...


... ДА РЕЧЕМЕ, НАШАТА ВТОРА СРЕДБА... ОДЕВ КАЈ АЛЕКС (ЕДЕН ДРУГ)... ПРИБЛИЖНО ЕДНА ГОДИНА ПОДОЦНА...
ЕЈ! ЗДРАВО! ...
?!
ЕЕЈ!...


СЕ ПОЈАВИ... НА МЕТАР И ПОЛ НАД УЛИЦАТА...
... БАШ Е БЛЕСАВО КАКО СЕ СРЕЌАВАМЕ
ЖИВЕЕШ ВО БЛИЗИНА?...
ПА... НЕ, НЕ... ОДАМ ДА СЕ ВИДАМ СО АЛЕКС... ЖИВЕЕ ТУКА НА ПЕТТИ...
...ДА, БЛЕСАВО...
...А, ТИ?
ТУКА ЖИВЕАМ... ШТОТУКУ СЕ ДОСЕЛИВ...
СИМПАТИЧНА ТИ Е БРАДИЧКАТА!
...ИЗГЛЕДАШ МАЛКУ ПОСТАРО...
ХА ХА... А ТИ ИМАШ ЦРВЕНКАСТА НИЈАНСА НА КОСАТА, НЕ?...
...ИЗГЛЕДАШ МАЛКУ... ПА...
МИСЛАМ, ОДЛИЧНО ТИ СТОИ!
...БЕШЕ КАКО ВО ТЕАТАР...
АЈ ДОЈДИ НА ПИЈАЧКА АКО ИМАШ ПЕТ МИНУТИ...




...БЕШЕ УБАВО... ШТЕТА ШТО БЕШЕ МНОГУ КРАТКО...




СЛЕДНИТЕ ГОДИНИ СЛУШНАВ ДЕКА СЕ ОМАЖИЛА И СТАНАЛА МАЈКА... СЕ ПРЕСЕЛИЛА ВО СТАН НА ЧЕТВРТИ КАТ ВО ИСТАТА ЗГРАДА... ТОЧНО ПОД АЛЕКС...
ЈА СРЕТНАВ ПАК КОН КРАЈОТ НА ЛЕТОТО '99. ДОБРО СЕ СЕЌАВАМ ЗАШТО ТОГАШ БЕВ МНОГУ ЗАТВОРЕН, МРЗОВОЛЕН, ИМАВ БАШ ЛОШ ПЕРИОД...


ГО НОСЕШЕ СИНОТ...
ЗДРАВО!
ЕЈ! ЗДРАВО! ... ДОБРО СИ?
ДА... ИЗГЛЕДАШ ИЗМОРЕНО!
МАЛЕЧКОТО РЕЧИСИ НЕ ГО ПОГЛЕДНАВ... ЕДВАЈ ГО ЗАБЕЛЕЖАВ...
ДОБРО ТИ СТОИ...
РУСАТА КОСА!
ШТО ЗНАМ...
МОЖЕБИ ЌЕ ЈА СМЕНАМ БОЈАТА... ...СЛУШНАВ ДЕКА МНОГУ ЦРТАШ... СУПЕР... ИМА ПАРИ ОД ТОА?...
ПА... МАЛКУ Е КОМПЛИЦИРАНО... А И НЕ САКАМ ДА ОДГОВАРАМ НА ТАКВИ ПРАШАЊА...
ПОМИСЛИВ: „И ТИ ИЗГЛЕДАШ ИЗМОРЕНО...“
ДОБРО... ПА...
МОРАМ ДА ОДАМ... ИЗВИНИ... БРЗАМ...


НАЈПОСЛЕ, ПРОСЛАВАТА НА 2000 ГОДИНА. СО НЕДЕЛИ БЕВ ВОЗНЕМИРЕН ОД НАСТАНОТ... ТОЛКУ САКАВ ДА ГО СВЕДАМ НА НАЈОБИЧНА ВЕЧЕР, НО ВО ОПУШТЕНА АТМОСФЕРА СЕ ПРЕТВОРИ ВО НЕЗАБОРАВНА НОЌ...
ДРУШТВОТО ТРЕБАШЕ ДА СЕ СОБЕРЕ ВО 1 ЧАСОТ ПО ПОЛНОЌ, ПО ПЕРИПЕТИИТЕ ПОВРЗАНИ СО НАСТАНОТ, И ТРЕБАШЕ ДА ЈАДЕМЕ КАКО СВИЊИ ЦЕЛА НОЌ...


...КАЈ АЛЕКС (ОД ПЕТТИОТ КАТ...)
...ЕТЕ, НЕ МОЖЕ ДА СЕ ЗБОРУВААТ ГЛУПОСТИ НЕКАЗНЕТО... КАПИРАШ...
УУУХ!
...ИНАКУ ЌЕ ТЕ СТИГНЕ БОЖЈАТА КАЗНА...
...ЊАМ!... ОСТРИГИ СО ПАШТЕТА!
БЕВ ПИЈАН...
КАКО ЛИ...
ММ...
СРК...
КАТИ БЕШЕ ТАМУ, САМА... ДИСКРЕТНА КАКО СЕНКА...
НЕ БЕШЕ ВО МОЈОТ КРУГ ПРИЈАТЕЛИ... МИСЛАМ, НЕ БЕШЕ ВО НИЧИЈ... БЕШЕ САМО СОСЕТКА ОД ДОЛНИОТ КАТ...


...ВО ЕДЕН МОМЕНТ СЕ НАЈДОВ ДО НЕА...
ОДВРАТЕН!
...ШТО?
...КОГА ПОСЛЕДЕН ПАТ СЕ ВИДОВМЕ... БЕШЕ ОДВРАТЕН...
ММ... ЗАТОА ВЕЧЕРВА СУМ ШАРМАНТЕН...
ПИЈАН СИ...


ГО БАРАМ ЗАГАРАНТИРАНОТО ПРАВО ДА БИДАМ ОДВРАТЕН, АКО САКАМ!
НЕ СЀ ОТКАЖУВАЩЕ... ИМАШЕ ПОТРЕБА ДА ЗБОРУВА И ДА И СЕ ЗБОРУВА...
БИДЕЈЌИ РАСКИНА СО ДЕВОЈКАТА?...
.. ЗА-ТОА?...
ОВА ЈА ЗАБАВУВА... БЕВ ЛЕСНА И НАСМЕАНА ЖРТВА...
ММ... ВЕРОЈАТНО...
МЕЃУ ДРУГОТО...
СЕКОГАШ ЗНАЕШ СЀ НЕЛИ?...
ТЕ ШПИОНИРАМ...
БЕШЕ КРЕВКА И БЛЕДА... ПОУБАВА ОД КОГА БИЛО...


А, ТИ...
ЗОШТО СИ САМА НА ТРОСЕДОВ КАКО НА СПЛАВ?...
ПОСЛЕ КАРАНИЦАТА ПОРАДИ КОЈА ДОШЛА НА ЗАБАВАТА, ГО ОСТАВИЛА БРАКОТ ЗАСЕКОГАШ... КРАЈ НА ДОЛГ ПРОЦЕС...
ЗА НЕКОЛКУ МИНУТИ СИТЕ ПРИСУТНИ СТАНАА НЕВИДЛИВИ И НЕМИ...
БЛА БЛА БЛА БЛА БЛА БЛА БЛА БЛА БЛА БЛА БЛА БЛА БЛА БЛА БЛА


ЧЕШ ЧЕШ
...ИЗВИНЕТЕ ...МОЖЕ ДА ПЛАТАМ... ВЕ МОЛАМ...
ММ... ДВЕ КАФИЊА...
ПЕТ И ШЕЕСЕТ...


ДОВИДУВАЊЕ...
БЛАГОДАРАМ
МЕ ПОТСЕТУВАШЕ НА ДОБРО ПОДМАЧКАН МЕХАНИЗАМ СО СОВРШЕНО УСКЛАДЕН РИТАМ... КЛИК КЛАК... КЛИК КЛАК БЕЗ ЗАСТОИ... ВО НАЈЛОШ СЛУЧАЈ, СО ПРИРОДНА ТИШИНА...
НАБРЗО СЕ ВИДОВМЕ ПОВТОРНО, ВО КАФУЛЕ... НЕ ЗНАМ ДАЛИ БЕШЕ СЛУЧАЈНОСТ ИЛИ МЕХАНИКА, ВО ТАА ФАЗА...
PLiC
PLiC


ИЗЛЕГУВАЊЕ... КИНО... МОРНИЧАВ ФИЛМ... АКО ДОБРО СЕ СЕЌАВАМ, ФИЛМ НА АТОМ ЕГОЈАН...
РАЗГОВОРИ... ПРОВОКАЦИИ... АЛУЗИИ... КЛИК... КЛАК... КЛИК... КЛАК...
...А БИДЕЈЌИ РАБОТИТЕ ВОДАТ КОН НЕШТО - ИНТИМНА ВЕЧЕРА КАЈ МЕНЕ...


КАЖИ ДЕКА БЕШЕ ДОБРО...
БЕШЕ ОДЛИЧНО...
ТОГАШ, ЗОШТО ЈАДЕШЕ МАЛКУ?...


ЗНАЕШ, МИ СЕ ДОПАЃАШ...
ХАХА!...
И ТИ МЕНЕ!...
ИНАКУ НЕ ЗНАМ ЗОШТО БИ БИЛЕ ТУКА!...
...САКАМ ДА КАЖАМ, ДОБРО НИ Е ЗАЕДНО... ЗАРЕМ НЕ?!...
ПРИЈАТНО Е...
МХМ...
ПРИЈАТНО...
НЕ САКАМ ДА ПРЕСТАНЕ, СФАЌАШ?...
МИСЛАМ... ДА НЕ ПРЕСТАНЕМЕ ДА СЕ ГЛЕДАМЕ...
ПАРТИТУРАТА ПОЛЕКА ГИ ОТКРИВАШЕ НОТИТЕ... АКЦЕНТИТЕ, ПАУЗИТЕ... ЈА СЛУШАВ ПРВПАТ, НО МЕЛОДИЈАТА ЗВУЧЕШЕ ПРИЈАТНО ПОЗНАТА...
КАЖИ...
ШТО?...


...ОНА ШТО САКАШ ДА МИ ГО КАЖЕШ...
...КАЖИ...
...ОДЕДНАШ, ЗАСТОЈ...
...НЕ ЗНАМ...
ПРВПАТ СЕ СООЧУВАМ СО ОВА...
ИЗНЕНАДУВАЊЕ ОД КОМПОЗИТОРОТ...
ЕХ... СМИРИ СЕ... ГОЛЕМ ДЕЧКО СУМ... ШТО И ДА Е, ВО СЕГАШНАВА МОЈА СОСТОЈБА, НЕМА ДА МЕ НАЛУТИ ИЛИ РАЗОЧАРА...
ФРЕД, ХИВ ПОЗИТИВНА СУМ...
СЛЕДЕШЕ ВРТОГЛАВА ТИШИНА...
ХИВ?...
...КЛИК ...КЛАК...
СЕРОПОЗИТИВ-НА... ЈАС СУМ СЕРОПОЗИТИВ-НА...
И СИН МИ, ИСТО ТАКА...


ВО САМО ЕДНА СЕКУНДА ВО ГЛАВАТА И СРЦЕТО МИ СЕ ИСТРКАЛАА НАЈЕКСТРЕМНИ ЧУВСТВА...
КЛИК...
страст
сожалување
копнеж
КЛАК...
бегство
отфрлање
посесивност
гадење
сожа
казна
тага
стр
искористување
КЛИК...
бегство
тага
посесив
ПАРТИТУРАТА СЕ ОГЛАСИ ПАК, ИАКО ЕДНО ВРЕМЕ ИНСТРУМЕНТИТЕ БЕА НЕУСОГЛАСЕНИ...
МИ СЕ ЧИНИ КАКО ПОВТОРНО ДА МИ ПОЧНА ЖИВОТОТ... ИЛИ ДЕКА СЕ ПРОМЕНИ ЗАСЕКОГАШ... НЕ ЗНАМ...
ГЛУМЕВ САМОУВЕРЕН ФРАЕР КОЈ ПРЕЗЕМА ОДГОВОРНОСТ, КОЈ ЗНАЕ ШТО ПРАВИ...
...САКАШ ДА СИ ОДАМ...
НАЈДОБРО Е ДА СИ ОДАМ...
ПФФ... ЗАР СИ ЛУДА?...


СЕ ПОСТАВИВ КАКО СВЕТИЛНИК... ЗА НЕА, А И ЗАШТО ЗНАЕВ ДЕКА ОВА МЕЃУ НАС ЌЕ УПАЛИ...
ОСТАНИ! САКАМ ДА ОСТАНЕШ...
САКАМ ДА ПРЕСПИЕШ ТУКА...
А ВСУШНОСТ БЕВ КАКО ЗБУНЕТО МОМЧЕ...
ШТОМ МИ КАЖА, СИГУРНО ИМАШ НЕКАКОВ ПЛАН?...
...СКАМЕНЕТ ПРЕД ВРАТА ОД УЧИЛНИЦА ПРВ ДЕН ОД ШКОЛО...
...МЕ ПОКАНИ ДА ПРЕСПИЈАМ ОВДЕ, НЕЛИ?...
НОЌТА БЕШЕ ДОЛГА, НЕСИГУРНА, НЕЖНА, НЕ ПРЕМНОГУ СЕКСУАЛНА...


УТРИНАТА РАНО СИ ЗАМИНА...
ДРИИНГ
НАПЛАДНЕ, КУЈНАТА БЕШЕ ПОЛНА СО ЛУЃЕ... НИ БЕШЕ ГЛАВЕН ШТАБ ЗА СОСТАНОЦИ... ТРЕБАШЕ ДА ОДАМ ВО АНГУЛЕМ НА ЧЕТИРИ ДЕНА...
ОПА, ЗАЕБАНО ИЗГЛЕДАШ!...
ММ...
АЈДЕ ДА ПРАВИМЕ ШПАГЕТИ...
ДААА... ОСТАЈ... ЈАС...
НОЌТА ЈА ПОМИНА СО НЕКОЈА РИБА, А?...
НЕ САКАМ ДА ЗБОРАМ ЗА ТОА!...
FRED.02.01

